**ПРИЛОГ 8.В: ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОЦИ ЗА УСЛУГИ**

## Содржина


**1. Надоместоци За Сообраќај ........ 2**
1.1 Мерење ........ 2
1.1.1 Одговорност за мерење
1.1.2 Времетраење На Повик на Успешно Остварени Повици
1.2 Пресметување на Надоместоците За Сообраќај ........ 2
**2. Еднократни и Месечни Надоместоци ........ 3**
**3. Данок на додадена вредност ........ 3**

## 1. Надоместоци За Сообраќај

### 1.1 Мерење

#### 1.1.1 Одговорност за мерење

**1.1.1.1** За дадена Услуга секогаш Давателот На Услуги е тој што е одговорен за мерењето.

**1.1.1.2** Мерењето се врши во соодветната Интерконекциска Централа на страната на Давателот На Услуги.

#### 1.1.2 Времетраење На Повик на Успешно Остварени Повици

**1.1.2.1** Времетраењето На Повик на Успешно Остварени Повици мора да биде зачувано во деталните записи за повиците, заокружени на секунда.

**1.1.2.2** Во случај кога

**а)** деталните записи за повиците кои се користат како основа за фактурирање се непоправливо оштетени или се недостапни поради било која друга причина; и
**б)** континуираниот период за кој деталните записи за повиците се изгубени не надминува 24 (дваесет и четири) часа;

Давателот На Услуги има право да ја извести Страната Барател за ова, а Давателот На Услуги ќе ги пресмета податоците за фактурирање кои недостасуваат врз основа на просечниот Сообраќај од претходниот месец во однос на услугата за која станува збор, без оглед на било каков приговор кој што може да е доставен за соодветниот месец.

**1.1.2.3** Во случај кога

**а)** деталните записи за повиците кои се користат како основа за фактурирање се непоправливо оштетени или се недостапни поради било која друга причина; и
**б)** континуираниот период за кој деталните записи за повиците се изгубени надминува 24 (дваесет и четири) часа

Давателот На Услуги ќе ја извести Страната Барател за истото.

Во рок од 10 (десет) работни дена по приемот на известувањето, Страната Барател ќе се потруди да му ги обезбеди податоците за фактурирање кои недостасуваат на Давателот На Услуги, за што може да бара и надомест.

**1.1.2.4** Во случај кога Страната Барател не е во можност да ги обезбеди податоците за фактурирање кои недостасуваат, ќе го извести Давателот На Услуги за истото, а Давателот На Услуги ќе ги пресмета податоците за повиците кои недостасуваат врз основа на просечниот Сообраќај од претходниот месец во однос на услугата за која станува збор, без оглед на било каков приговор кој што може да е доставен за соодветниот месец.

### 1.2 Пресметување на Надоместоците За Сообраќај

**1.2.1** Само Успешно Остварените Повици може да се земат предвид во пресметката.

**1.2.2** Во однос на Услугите За Сообраќај, периодот на пресметување на Надоместот За Сообраќај ќе започне, во однос на дадената Услуга За Сообраќај:

**а)** во случај на прво активирање на Сообраќајот, на датумот одреден помеѓу Страните во Изјавата За Отпочнување На Услуга;
**б)** во сите други случаи од 00:00 часот на првиот ден од месецот за кој се работи

и ќе заврши на последниот ден од месецот за кој се работи, во 24:00 часот.

**1.2.3** Во случај кога деталните записи за повиците содржат Времетраења На Повик кои го надминуваат периодот за пресметка на Надоместот За Сообраќај, вкупното Времетраење На Повикот ќе биде пресметано во месецот кога Повикот бил оригиниран.

**1.2.4** Во случај кога деталните записи за повиците содржат Времетраења На Повик кои ги преклопуваат тарифните периоди, ќе се применува следната процедура:

**а)** во случај на Повици со Надоместоци За Сообраќај (надоместоци базирани на минута): во врска со Времетраењето На Повик, засегнатите Повици ќе бидат разделени во сооднос на времето на повикот, кое се поврзува со засебните тарифни периоди;

**б)** во случај на Повици со Надоместоц По Повик:

во однос на бројот на Повици, засегнатите Повици ќе се обработат според тарифниот период на оригинирањето на Повикот.

**1.2.5** Елементите за наплата за Услугите За Сообраќај се дадени во Прилог 8.Б (Надоместоци).

## 2. Еднократни и Месечни Надоместоци

**2.1** Давателот На Услуги ќе наплаќа Еднократен Надомест за обезбедување на секоја услуга за која соодветен надомест е дефиниран во Прилог 8.Б (Надоместоци).

**2.2** Давателот На Услуги ќе наплаќа Месечен Надомест за обезбедување на секоја услуга за која соодветен надомест е дефиниран во Прилог 8.Б (Надоместоци), а таквиот надомест не зависи од тековниот Сообраќај.

**2.3** Периодот на пресметување на Месечниот Надомест отпочнува во 00:00 часот на првиот ден од соодветниот месец и завршува во 24:00 часот на последниот ден од истиот месец.

**2.4** Во случај кога денот на обезбедување на Услугата во соодветниот месец не е првиот работен ден во тој месец, или кога денот на завршување на Услугата не е последниот ден во тој месец, Давателот на Услуги ќе го наплати Месечниот Надомест само за деновите во кои била обезбедена услугата, на начин што овој надомест ќе биде 1/30 (една триесетина) од Месечниот Надомест за секој ден. Секој започнат период од 24 (дваесет и четири) часа ќе се смета за цел ден.

## 3. Данок на додадена вредност

Данок на додадена вредност ќе се наплаќа за сите Услуги. Еднократните Надоместоци, Месечните Надоместоци, Надоместоците За Сообраќај, Доплатата За Дефицит Од Локален Пристап и Надоместоците По Повик содржани во Прилог 8.Б (Надоместоци) не го вклучуваат Данокот на додадена вредност.